ДКСК ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KSHPK KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата доставено е Барање за мислење во врска со можна ситуација на судир на интереси согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Имено, лицето кое ја извршува функцијата директор на основно училиште во општина Кочани е избрано за член на Советот на општина Кочани и изгласан е за претседател на Советот на општина Кочани. Со оглед на тоа дека директорите на јавните установи – основни училишта спаѓаат во категории на службени лица кои располагаат со јавни средства и извршуваат одлуки поврзани со општинските политики, се бара мислење дали истовремено извршување на функцијата директор и функцијата советник, односно претседател на Совет претставува ситуација на реален, потенцијален или можен судир на интереси.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

## М И С Л Е Њ Е

Согласно член 44 став 2 и 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси е предвидено следното:

„(2) Функцијата претседател на Републиката, претседател на Владата на Република Македонија, министер, пратеник, **член на совет**, градоначалник, судија, јавен обвинител, јавен правобранител, народен правобранител **и други функции кои ги избира или именува Собранието на Република Македонија**, Владата на Република Македонија или органите на локалната самоуправа **се неспојливи една со друга**.

(4) Избрано или именувано лице не може истовремено да врши функција на одговорно лице или член на орган на управување или надзорен орган во јавно

претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал.“

Согласно цитираните забрани, Државната комисија  извести дека вршењето на функцијата директор на основно училиште, е неспојлива **со** вршење на функцијата член на Советот на општина Кочани како избрано лице на непосредните Локални избори 2025 година.

Имено, доколку горенаведените функции се извршуваат во исто време настанува прекршување на забраните предвидени со член 44 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 105 став 1 алинеја 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:  „(1) Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на службено лице во јавно претпријатие или друго правно лице што располага со државен капитал доколку:
- спротивно на членот 44 врши некоја друга функција, должност или дејност што е неспојлива со неговата функција.“

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**